ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ**

Колегиумот е одржан на ден **30.11.2021 година** во 13:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Сашко Митовски**, Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој **Мартин Николовски,** Раководител на правни и општи работи **Даниела Велковска,** Раководител на Одд. за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина **Маја Костадиновска,** Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, Советник - Одговорен сметководител **Марија Златановска,** Раководител за испекциски надзор **Бранко Велиновски,** Раководител на Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија **Антонио Давитковски,** Раководителот на Одд.за човечки ресурси **Игор Додевски**, Директор на ЛУ Градски музеј **Драган Величковски** и Советник за јавни набавки и водење седници на совет **Биљана Тасевска.**

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

**ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ**

Градоначалникот на општина Крива Паланка, Сашко Митовски го водеше состанокот на колегиум со запознавање на тековните активности на одделенијата и планирање на активностите во нареден период при што беа донесени следните заклучоци:

**Секретар**

**Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој**

Од страна на Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој Мартин Николовски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Тековни активности

**Одделение за финансиски прашања**

Од страна на Советниокт Марија Златановска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се направи анализа за непрдуктивните трошоци и да се предложи нивно укинување или средствата да бидат пренаменети.

-Тековни активности

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Од страна на Раководителот на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Во понеделник (06.12.2021 година) да се одржи работен состанок во присуство на градоначалникот и да се разгледа ажурираниот список на проекти со расположлива техничка документација да се направи анализа за да се стави акцент и да се даде преоритет за аплицирање на истите. (Мартин Николовски, Никола Граматиков, Маја Костадиновска, Антонио Давитковски, Кире Велески)

-Во четврток (02.12.2021 г) во 10-10:30 часот состанок со претставници од ТАВ и ГИМ за реализација на проекти од програмата ТАВ. (Мартин Николовски, Маја Костадиновска)

-Состанок во четврток (02.12.2021 г) во 14 часот со месно население од населба Куков Дол во врска со реализација на проектот за уредување на долот.

-Да се изврши проценка од страна на независен проценител на караула Коприва, во училиштето во с.Мала Црцорија и во училштето во с.Станци.

-Тековни активности

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Од страна на Раководител на Одд. за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина – Маја Костадиновска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се види можноста за алтернативен пат кон депонија на АД Гранит.

-Да се утврдат к.п кои што се водат како патишта и за кои може да се изврши трансформација на земјиштево координација со Даниела Велковска.

-Четврток во 8 часот состанок  со такси превозниците и да се разгледаат нивните барања  ,на состанокот да бидат  повикани кординаторите на советничките групи.

-Работен состанок со градоначалникот да се разгледа   проектот за зонско паркирање.

-Тековни активности

**Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија**

Од страна на Раководителот на Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија  Антонио Давитковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Состанок на работна група и дефинирање на новогодишната програма.

-Во недела да се дислоцираат дел од куќичките од зелениот пазар на локации утврдени од страна на одделението за урбанизам и приклучување на ел.енергија.

-По повод 3 Декември меѓународен ден на лица со посебни потреби да се организира посета и пригоден поклон.

-Да се види околу  бројот и набавка за новогодишни пакетчиња.

-Тековни активности

**Одделение за човечки ресурси**

Од страна на Раководителот на Одделение за  човечки ресурси Игор Додевски  беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

- Да се разгледа можноста за решавање на проблем со плати во ТППЕ (состанок на работна група Мартин Николовски, Игор Додевски, Марија Златановска).
- Да се започне со изготвување на извештај за ранг листа на оценки за вработените по спроведеното оценување за 2021 година.
- Да се започне со изготвување на извештај за дисциплинска и материјална одговорност на административните службеници.
- До Градоначалникот да се достави образец за податоци за избрани и именувани лица за избор и за престанок
- Да се определи лице кое ќе јаизготвува Програмата за спасување, ППЕ заштита и управување со кризи за наредните години.

-Тековни активности

**Одделение за правни и општи работи**

-Од страна на Раководителот Даниела Велковска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се разгледа можноста што и како е потребно за отпочнување на постапка за јавно приватно партнерство за поставување на челична катна гаража во координација со Маја Костадиновска.

-Да се разгледа можноста за отпочнување на постапка за јавно приватно партнерство за реконструкција на Градски базен со претходно донесена одлука на совет на општина .

-Тековни активности

**Одделение за инспекциски надзор**

-Од страна на Раководителот за испекциски надзор Бранко Велиновски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се организира состанок со одговорното лице – давател на услуга за заловување на кучиња скитници (петок или понеделник)

-Од страна на комуналните редари да се преземат мерки за контрола на паркинг просторите за отстранување на хаварисаните нерегистрирани возила.

-Тековни активности

**ЈП Комуналец**

Отсутен од колегиум

-Да се спроведе активност за подобрување на квалитетот на водата за пиење во градот и да се достави извештај за истото.

-Тековни активности

**ЛУ Градски Музеј**

Од страна на Директорот на ЛУ Градски музеј, Драган Величковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Тековни активности

**<u>Генерални заклучоци за сите одделенија</u>**

-Од страна на раководителите за сите вработени со кои раководи да се утврдат работните цели и задачи за 2022 година
-индивидуален план за стручно усовршување во период од 01-15.12.2021 година.
-Да се соберат податоци од вработени за реализација на планот за обуки за втората половина од 2021 година, период јули-декември и збирно од цело одделение да се достават на e-mail на ОЧР.
-Да се одржи состанок со лице-членови кои треба да бидат формирани за водење на постапки за легализација.

**30.11.2021 година, Крива Паланка**
**Изготвил: Клара Стевановска**